До

Влада на Република Северна Македонија

Копија до

Министерство за труд и социјална политика

Министер за труд и социјална политика

Примено 19-02-2021

**Дата:** 18.02.2021 г.

**Предмет:** Доставување на предлог нов член во Советот за БЗР од Стручните Здруженија на стручни лица за безбедност и здравје при работа

Почитувани,

Согласно член 43 од Законот за безбедност и здравје при работа Владата на Република Македонија основа Совет за безбедност и здравје при работа како експертско советодавно тело. Овој совет е формиран уште во 2010 година. Согласно член 44 од истиот закон во советот покрај другите членови партиципираат и стручните лица за безбедност при работа преку еден член кој е претставник на здружението на стручни лица за безбедност при работа.

Од основањето на Советот до сега, претставник е г-дин Милан Петковски од Македонското здружение за заштита при работа.

И покрај неколкуте досегашни наши заеднички иницијативи ( доставени Дописи на 10.07.2018 година и 14.02.2020 година, on-line состанок со Здруженијата, организиран од страна на МТСП на ден 25.01.2021 година) сеуште состојбата е непроменета.

Со цел надминување на моменталната состојба, а согласно искажаниот став од страна на трите Здруженија (Здружентето за заштита при работа на општина Битола, Здружението за безбедност при работа „28-ми Април" – Скопје и Здружението на инженери за заштита Тутела – Скопје) на онлајн состанокот оджан на ден 25.01.2021 година, а и согласно меѓусебно потпишаниот Меморандум за соработка, уште еднаш со овој Допис бараме да се промени членот на Советот кој ги претставува стручните лица за безбедност при работа.

Останувaме на ставот, односно нашиот предлог на секои 2(две) години, член на Советот да биде претставник од различно Здружение, вклучувајки го и сегашниот претставник во Советот, однсоно секое Здружение би дало свој претставник по секои изминати 2 (две) години. Овој претставник ќе ги застапува интересите на сите стручни лица од Здруженијата и за својата работа ќе се консултира со сите Здруженија.

За наш консензуален претставник за наредните 2 (две) години го предлагаме **г-дин Борче Стојчевски** – стручно лице за безбедност при работа од Скопје.

Се надеваме дека овој пат, ќе го земете во предвид барањето на трите Здруженија и ќе се пристапи кон постапка на смена на актуелниот член на стручните Здруженија во Советот за БЗР.

Со искрена желба за успешна соработка, во интерес на БЗР

**Здружение за заштита при работа на општина Битола, Битола**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**( Предраг Зариќ)**

**Здружение за безбедност при работа 28 Април, Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**( М-р Благоја Богоевски )**

**Здружение на инженери за зштита ТУТЕЛА, Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**( М-р Дејан Ангеловски)**